YU ISSN 0350 - 2821

# ДЕЛО 74

1-2
1989

ШТИП

УДК 3:82

# ДЕЛО 74

СПИСАНИЕ
ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Основач: Културно-просветна заедница — Штип

Издавач: Друштво за наука и уметност — Штип

Издавачки совет:
Миланчо Усприцов (претседател), Марија Грнева (потпретседател), Ристо Љуботенски, Елица Протугерова, Љупчо Стојменски, Коста Балабанов, Симеон Кожухаров, Елена Патраклиева, Тодор Влахчев, Ѓорѓи Устапетров и Блаже Китанов.

Редакција:
Панче Кировски, Добрила Јовева, Нада Накова, Александар Пецески, Никола Едровски,

Главен и одговорен уредник:
**Блаже Китанов**

Уредник:
**Венко Прилепчански**

Нацрт на корицата
**Петар Наневски**

Год. XVI — број 1—2 јануари — април 1989 година

**РЕГИОНАЛНА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ИСТОЧЕН РЕГИОН**

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛЕКАРИТЕ, СТОМАТОЛОЗИТЕ И ФАРМАЦЕВТИТЕ ПРИ РО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР — ШТИП**

*Редакциски одбор**

Д-р Никола Камчев (претседател), прим. д-р Благој Ников (секретар), д-р Богољуб Јовев, д-р Драги Чакалов, Прим. д-р Тодор Гајдарџиски, д-р Милка Камчева, прим. д-р Бојан Николов, д-р Ленче Пуздерлиска, прим д-р Симеон Ѓоргиевски, д-р Ѓорѓи Марков, д-р Мишо Михајловски, д-р Нада Симовска, д-р Ванчо Илински, д-р Станко Ракочевиќ, д-р Славчо Илиев, д-р Трајче Ѓоргиев, д-р Петар Хаџи-Василев, м-р фарм. Илчо Захариев, д-р Нада Алексова, д-р Методи Шеќеринов

*Уредник*
Проф. Венко Прилепчански

---

* Решение на Работничкиот совет при РО Медицински центар Штип бр. 0301—451 од 19. 01. 1989 година.

# ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА ПОЛЕТО НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО ОПШТИНА — ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ 1979—1988 ГОДИНА

*Н. Качев, М. Камчева*

## ВОВЕД

За нормално одвивање на работата во РЕ на РО Медицински центар — Штип, а посебно на РЕ Трансфузија, основен предуслов е обезбедување на доволни количини свежа крв. Приливот на свежа крв, мора да биде рамномерно распореден во текот на целата година. Поради тоа, акциите за собирање крв мора да бидат перманентни, рамномерно распоредени во текот на целата година. Доволна количина крв, за задоволување на секојдневните потреби, се обезбедува со долгорочна, систематска работа, често изнаоѓање најнови форми и содржини во мотивирање и информирање на граѓанството за дарување на крв, поопштествување на проблемот на крводарителството со добра организациона и кадровска поставеност во РЕ Трансфузиологија, како и максимално ангажирање на сите потписници на Општествениот договор за унапредување на крводарителството во СРМ.

## Материјал и методи

Во изминатите десет години реализирани се 657 доброволни акции за дарување на крв во работните организации, училиштата, факултетите и месните заедници во Општина Штип. Собрани се вкупно 23.414 шишиња крв. Во просек 35,6 крводарувања во секоја акција. Од 1981 година наполно е напуштен фамилијарниот начин на дарување крв, што претставува силен мотив за омасовување на крводарителството во нашата Општина. РО Медицински центар — Штип е наполно обезбеден со доволни количини свежа крв. 8% од населението на Општина Штип во текот на 1988 година даруваше крв (СРМ помалку од 3%).

## Резултати

На табела број 1 прикажани се планираните количини крв, според планот на Републичкиот црвен крст, остварените количини на крв прикажани во броеви и проценти како и бројот на реализираните екипи по години.

Табела 1

| Година | Планирано | Остварено | % | Екипи | % на екипа |
|---|---|---|---|---|---|
| 1979 | 1.290 | 827 | 64,1 | 37 | 22,35 |
| 1980 | 1.290 | 960 | 74,4 | 45 | 21,33 |
| 1981 | 1.290 | 1.260 | 97,6 | 67 | 18, 8 |
| 1982 | 1.290 | 1.801 | 139,0 | 61 | 29,52 |
| 1983 | 1.290 | 2.225 | 172,4 | 64 | 34,76 |
| 1984 | 1.290 | 2.763 | 214,0 | 73 | 37, 8 |
| 1985 | 1.290 | 3.001 | 232,6 | 85 | 35, 3 |
| 1986 | 2.160 | 3.028 | 140,1 | 63 | 48, 0 |
| 1987 | 2.160 | 3.548 | 164,2 | 79 | 44, 9 |
| 1988 | 2.276 | 4.001 | 175,7 | 83 | 48, 2 |

Резултатите од табелата недвосмислено зборуват за постигнатите резултати. Од 1981 година планираните количини на крв се остварени со 100 и повеќе посто, а во 1985 година планот е остварен со 232,6% што на Општина Штип и обезбеди апсолутно прво место по остварени крводарувања во Републиката. За 1986 година Републичкиот Црвен крст предложи нови критериуми за планирање на бројот на крводарувањето. Според новите критериуми, планот на Општина Штип беше зголемен за околу 68%, или нови 870 крводарувања, поради што дојде до намалување на процентот на остварениот план.

На табела број 2 прикажани се крводарувањата по прв пат и повеќекратни.

Табела 2

| Година | Дарувале по прв пат | % | Повеќекратни | % |
|---|---|---|---|---|
| 1979 | 187 | 22,61 | 640 | 77,39 |
| 1980 | 210 | 21,87 | 750 | 78,13 |
| 1981 | 231 | 18,53 | 1.829 | 81,67 |
| 1982 | 309 | 17,15 | 1.492 | 82,85 |
| 1983 | 500 | 22,47 | 1.301 | 77,53 |
| 1984 | 600 | 21, 7 | 2.163 | 78, 3 |
| 1985 | 510 | 17 | 2.491 | 83 |
| 1986 | 571 | 18, 9 | 2.457 | 81, 1 |
| 1987 | 513 | 14, 5 | 3.035 | 85, 5 |
| 1988 | 480 | 12 | 3.521 | 88, 0 |



На табела број 3 прикажани се постигнати резултати по возраст. Од истата се гледа дека бројот на дарителите на возраст од 26—40 години бројчано и процентуално се најповеќе застапени.

Табела 3

| Год. | 18—25 г. | % | 26—40 г. | % | над 40 г. | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1979 | 247 | 29,86 | 490 | 59,25 | 90 | 10,88 |
| 1980 | 340 | 35,41 | 500 | 52,08 | 120 | 12, 5 |
| 1981 | 494 | 39, 2 | 557 | 44, 2 | 100 | 7, 9 |
| 1982 | 661 | 36, 7 | 880 | 48,86 | 260 | 14,43 |
| 1983 | 664 | 29, 8 | 1.461 | 65, 6 | 100 | 4, 6 |
| 1984 | 863 | 31,23 | 1.330 | 48, 1 | 570 | 20,62 |
| 1985 | 702 | 23, 4 | 1.528 | 51, 0 | 771 | 26, 0 |
| 1986 | 938 | 31, 0 | 1.702 | 56, 2 | 388 | 12, 8 |
| 1987 | 862 | 24, 0 | 1.834 | 52, 0 | 852 | 24, 0 |
| 1988 | 872 | 21, 7 | 2.001 | 50, 0 | 1.121 | 28, 2 |

Мажите даваат повеќе крв од жените. Тоа е прикажано на Табела број 4.

Табела 4

| Година | Мажи | % | Жени | % |
|---|---|---|---|---|
| 1979 | 700 | 84,64 | 127 | 15,35 |
| 1980 | 710 | 73,95 | 250 | 26,05 |
| 1981 | 908 | 72,06 | 352 | 27,93 |
| 1982 | 1.336 | 74, 2 | 465 | 25, 8 |
| 1983 | 1.650 | 74,15 | 575 | 25,81 |
| 1984 | 2.052 | 74, 2 | 711 | 25, 8 |
| 1985 | 2.217 | 73,87 | 784 | 26,13 |
| 1986 | 2.301 | 76, 0 | 727 | 24, 0 |
| 1987 | 2.582 | 72, 7 | 966 | 27, 3 |
| 1988 | 2.888 | 72,18 | 1.113 | 27,82 |

Социјалната структура на крводарителите од Општина Штип е прикажана на Табела број 5.

Табела 5

| Год. | Раб. од непос. производство | Админис. работници | Ученици | Студенти | Милиционери | Земјоделци | Пензионери | Невраб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1979 | 603 — 72,85% | 12 — 1,45% | 170 — 20, 5% | 3 — 0,45% | 19 — 0,47% | 6 — 0,15% | 5 — 0,12% | 43 — 1,07% |
| 1980 | 702 — 73,12% | 18 — 1,87% | 185 — 19,27% | 19 — 0,45% | 15 — 0,42% | 9 — 0,25% | 8 — 0,22% | 40 — 1,12% |
| 1981 | 930 — 73, 8% | 26 — 2,06% | 254 — 20, 1% | 47 — 0, 6% | 20 — 0,66% | 7 — 0,23% | 6 — 0, 2% | 29 — 0,95% |
| 1982 | 1014 — 56,29% | 30 — 1,66% | 384 — 21,32% | 58 — 0, 5% | 12 — 0, 4% | 5 — 0,16% | 7 — 0,23% | 32 — 1,06% |
| 1983 | 1616 — 72,62% | 40 — 1,79% | 445 — 20, 0% | 53 — 2,53% | 23 — 0,85% | 1 — 0,36% | 10 — 0,36% | 80 — 2,89% |
| 1984 | 2164 — 78, 3% | 183 — 6, 6% | 312 — 11, 3% | 70 — 2,38% | 28 — 1,25% | 12 — 0,53% | 6 — 0,27% | 25 — 1,12% |
| 1985 | 2217 — 73,87% | 329 — 11, 0% | 384 — 12, 8% | 15 — 3,22% | 14 — 0,77% | 8 — 0,44% | 3 — 0,16% | 20 — 1,11% |
| 1986 | 2283 — 75,39% | 227 — 7, 5% | 438 — 14,46% | 18 — 3,73% | 18 — 1,42% | 7 — 0,55% | 3 — 0,23% | 10 — 0,79% |
| 1987 | 2582 — 72, 7% | 309 — 8, 7% | 569 — 16, 0% | 16 — 1,97% | 17 — 1,77% | 6 — 0,65% | 1 — 0, 1% | 12 — 1,25% |
| 1988 | 2907 — 72,65% | 360 — 9, 0% | 643 — 16, 0% | 18 — 0,36% | 15 — 1,81% | 3 — 0,36% | 2 — 0,24% | 6 — 0,75% |

Од истата може да се види дека најповеќе крв даруват работниците од непосредното производство, потоа учениците, многу помалку административните работници, додека бројот на дарувањата кај студентите не задоволува.

## Дискусија и заклучок

Постигнатото ниво од 8% дарители на крв, од вкупното население од Општина Штип, е сосема доволно за нормално лекување на болните и повредените од Општина Штип, како и за резерви.

Според искажаните резултати потребно е во наредниот период да се направат чекори за помасовно регулирање на крводарители кои не даруват крв по прв пат, а да се напушти зголемувањето на бројот на крводарители — рекордери. Посебно напори треба да се направат за да се промени односот на административните работници и студентите кон крводарувањето. И во наредните години крводарителството ќе се развива на принципите на доброволност, анонимност и бесплатност, со помош на сите општествено — политички структура, Црвениот крст и самите дарители на крв.

## РЕЗИМЕ


Десет годишните напори на РЕ трансфузиологија, Општинскиот Црвен крст и сите потписници на Општествениот договор за унапредување на крводарителството, овозможија целосно покривање на потребите од свежа крв во работните единици на РО Медицински центар Штип.

Во изминатите 10 години планирани се 15.626 крводарувања. Собрани се вкупно 23.414 шишиња крв. Планот е исполнет со 149,8%.

Во овој труд се прикажани резултатите во период од 1979—1988 година по години, застапеност по возраст и пол, дарувања по прв пат и повеќе пати, како и социјалната структура на крводарителите.


## ЛИТЕРАТУРА


1. Крводарителството во Југославија, Симпозиум за крводарителство, Маврово 20. 06. 1986 год.;
2. Часопис — Анестезија, реанимација, трансфузија, Београд, 1982 год. стр. 162, VOL. 14 бр. 1/2;
3. Давалаштво крви у СР Србија, достигнато ниво, потребе и могућности. Билтен за хемотологија и трансфузија VOL 12 бр. 2 стр. 23, 1984.

## SUMMARY

The tenth year efforts of the WU transfusiology, the Community Red Cross and all signers of the social agreement for the promotion of the donating blood, have enabled total cover of the needs of fresh blood in the working units in the W. O. Medical center Štip.

In the last ten years have been planed 15.626 blood, donations. Totaly 23.414 bottles of blood have been colected. The plan has been realized with 149.8 per cents.

In the work have ben presented the results in the period between 1979 and 1988 years after years, representation per age and sex, blood donatiois for the first and several times, as well as the social structure of the blood donors.


## АДРЕСА НА АВТОРИТЕ — AUTHORS' ADDRESSES


Д-р Никола Камчев, трансфузиолог — Медицински центар Штип, 92000 Штип

Д-р Милка Камчева, инфектолог — Медицински центар Штип, 92000 Штип